УДК: 314.116(497.7:23)"2002"

# ПОПУЛАЦИСКО-ПРОСТОРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛБИТЕ ОД РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ ОБЛАСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. ДИМИТРОВ**
Факултет за туризам и бизнис логистика
Факултет за природни и технички науки, Катедра за географија
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип; nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

ИЗВОД

Во трудот се наведени основни популациско-просторни карактеристики на населбите од ридско-планинските подрачја по статистички плански региони. Главно место во текстот има бројот и поделбата на населбите по површина и по големина по број на жители. Во оформување на ракописот е користен статистичко-квантитативен метод од кој произлегуваат извесни резултати и заклучоци. Составен дел на ракописот се повеќе табели, кои содржат податоци за понатамошни истражувања. Заклучните размислувања се насочени кон утврдување на причините и на последиците од состојбата во која се наоѓа најголем дел од ридско-планинските населби и области во Република Македонија и давање насоки за надминување на дел од проблемите.

**Клучни зборови**: демогеографија, населби, ридско-планински области, стратегија.

ABSTRACT

The paper outlined the basic population-spatiial characteristics of settlements from mountainous areas by statistical regions. Main place of the text and a number of settlements division by area and the largest number of people. In shaping the manuscript used is statistical-quantitative method which results in some results and conclusions. An integral part of the manuscript are more tables containing data for further research. Concluding thoughts are directed towaeds determining the causes and consequences of the situation they are in most of the mountainous areas in the country, and guidance to overcome some of the problems.

**Keywords**: demogeography, settlements, hilly-mountainous areas, strategy.

## ВОВЕД

Република Македонија е ридско-планинска земја, во која ридско-планинскиот релјеф зафаќа површина од 20 813 km² или 81% од територијата на државата (Стојмилов, 2003), а според друг извор, површина од 19 853 km² со учество од 79,7% (Маркоски, 1998).

Населбите во РМ, според орографските услови, се поделени во три групи: рамничарски, ридски и планински. Исто така, за бројот на населбите, според орографските услови, располагаме со различни податоци. Имено, според Панов (1998) од вкупно 1590 селски населби, 584 се рамнински (36,7%), 632 ридски (39,8%) и 374 планински села (23,5%), или заедно ридско-планински се 1006 селски населби (63,3%). Ако ги додадеме и градските населби, вкупниот број населби изнесува 1619 (сп. пописот од 1994 г.), додека пак, според Стојмилов (2005), во 2002 година, од вкупно 1616 села, 801 село се рамнински (49,6%), ридски се 533 (33%), а останатите 282 (17,4%) се планински села или ридско-планински се 815 селски населби (50,4%). Податоците за вкупниот број населби, според Поповски, Селмани и Панов (Поповски, Селмани, Панов, 2006) изнесува 1621 населба, плус 146 раселени или севкупно 1767 населби, додека пак, според Државниот завод за статистика (ДЗС, 2008) вкупниот број населби изнесува 1767 (заедно со 155 раселени населби), но ако кон нив се додадат и десетте скопски населби, тогаш вкупниот број изнесува 1777 населби. Така, ако од вкупниот број населби (1777) ги одземеме раселените и десетте скопски населби, тогаш вкупниот број изнесува 1612 населби.

Нашите истражувања[1] за бројот на населби според орографски услови го покажаа следното: од вкупниот број 1777 населби, рамнински се 722, (40,6%), ридски – 659 (37,1%) и планински – 396 населби (со учесво во вкупниот број населби од 22,3%), или заедно, бројот на ридско-планински населби изнесува 1055 со учество од 59,4% во вкупниот број населби во Република Македонија (Види табели).

## ПРОСТОРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ НАСЕЛБИ

Во недостаток на понови податоци, за катастарските површини по населби, во нашата анализа, за површините на 1055-те ридско-планин-

[1] Овој труд е второ продолжение од претходниот со наслов „Демогеографски проблеми и перспективи на населбите во ридско-планинските области во Република Македонија", презентиран на Меѓунродната конференција на тема: „Проблеми и перспективи на ридско-планинските области", одржан во Охрид 12 – 15.10.2013 г. (Problems and perspectives of the hilly-mountain areas, Ohrid, 12-15.IX.2013).

ски населби, ги користиме податоците од 1980 година (РГЗ, 1982). Во рамките на дозволениот простор, изнесуваме коментари и анализи, за кои сметаме дека се важни, а се поткрепени со неколку табели. Во табеларните прегледи се дадени податоци за вкупниот број на ридско-планинските населби, потоа бројот на раселени населби, поделбата на населбите според големина и површината на нивните атари и тоа за два статистички пописи, 1961 и 2002 година.

Од Табела 1, орографски гледано, ридско-планинскиот простор зафаќа површина од 16833,7 km$^2$ (со учество од 67,6% во вкупната површина на РМ), во кој се среќаваат 1055 ридско-планински населби (со учество од 59,4% во вкупниот број населби). Според податоците од 1961 година, најголем број на ридско-планински населби се среќаваат во Југозападниот статистичко плански регион и тоа 196, (со учество од 18,6% во вкупниот број ридско-планински населби), а потоа следат Пелагонискиот – со 173 населби (16,4%), Североисточниот – со 146 (13,8%), а најмал број од 72 ридско-планински населби (6,8%) се среќаваат во Скопскиот статистичко плански регион. Гледано според вкупната површина, најголемо учество во ридско-планинскиот простор има Полошкиот статистичко плански регион (79,5%), потоа следат: Југозападниот (77,7%), Североисточниот (76,3%), Источниот (75,0%), Скопскиот (70,8%), Вардарскиот (62,3%), Пелагонискиот (61,9%) и Југоисточниот регион (55,4%). Во вкупниот број населби ридско-планинските населби имаат најголемо учество во Северозападниот регион – со 76%, а потоа следат: Југозападниот статистичко плански регион со учество од 68,5%, Полошкиот со 66,3%, Источниот со 62,4%, Скопскиот со 56,7%, Вардарскиот со 55,1%, Пелагонискиот со 50,6% и Југоисточниот статистичко плански регион со 49,2%. Интересно за подвлекување е тоа дека 76 општини имаат ридско-планински населби, а само 8 општини се без ридско-планински населби.[2]

Резимирано од Табела 2 за бројот на ридско-планински населби и нивниот број по големина на жители и по површина, би го подвлекле следното: Вкупно земено, бројот на раселени населби изнесува 32 (3,0%), кои заземаат површина од 233,1 km$^2$ (1,4%), потоа следат 104 населби (9,8%) со големина од 1 до 100 жители и површина од 1002,2 km$^2$ (5,9%), па 330 населби (31,3%) со број на жители од 101 до 300 жители и површина од 3687,2 km$^2$ (21,9%), 245 населби (23,2%) со број на жители од 301 до 500 жители и површина од 4045 km$^2$ (24,0%), 199 населби (18,8%) со број на жители од 501 до 800 жители и површина од 3813,7 km$^2$ (22,6%) итн.

Резимирано од Табела 3 за бројот на ридско-планински населби и нивниот број по број на жители и по површина, би го подвлекле след-

---

[2] Општини без ридско-планински населби се: Аеродром, Богданци, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и Шуто Оризари.

ното: Бројната состојба на ридско-планинските населби во 2002 година, споредено со 1961 година, е значително променета, така што бројот на раселени населби се зголемил на 100 (со 9,5% учество во вкупниот број ридско-планински населби), со вкупна површина од 1218,6 km$^2$ (7,2% од вкупната површина) или зголемување во бројот на населби за 68 населби или за 3 пати, а површината за 985,5 km$^2$ или за 5 пати. Потоа, следат населбите со големина од 1 до 100 жители, чиј број се зголемил и изнесува 517 населби (49,0%) со површина од 7712,7 km$^2$ (45,8%), т.е споредено со 1961 година, нивниот број се зголемил за 413 населби или за 4 пати, а површината за 6710,5 km$^2$ или за 7 пати. Додека, населбите од 101 до 300 жители се намалиле на 187, односно за 143 населби, т.е за приближно 2 пати, а со тоа следи и намалувањето на површината од 2972,1 km$^2$, т.е за 715,1 km$^2$ или 19,4% итн. (Види: Табела 2 и 3) Ваквите промени во бројот на ридско-планински населби и нивната површината се должи на интензивните емиграциски процеси, кои во континуитет, половина век се секојдневие во Република Македонија. Особено интензивни емиграциски текови регистираме во Пелагонискиот статистички регион, Североисточниот, Југоисточниот и останатите, а додека позитивно салдо на миграции имат само Скопскиот и Полошкиот статистички регион.

## ПОПУЛАЦИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ НАСЕЛБИ

Во анализата за популациските карактеристики на 1055-те ридско-планински населби користиме статистички податоци од пописите од 1961 и од 2002 година. Во табеларните прегледи се дадени податоци за вкупниот број на ридско-планинските населби, потоа бројот на раселени населбии поделба на населбите според големина и бројот на жители за двата наведени пописи.

Податоците од табелите 4, 5 и 6, за состојбата со населението во ридско-планинските населби, покажуваат дека за период од 40 години (1961–2002 г.)[3], вкупното население во ридско-планинските области се намалило за 101 627 жители или за 19,3%, со индекс од 80,7. Најголемо намалување на население од ридско-планинските предели, во апсолутни бројки, се забележува во Пелагонискиот регион од -47,869 жители, со индекс од 36,9 или намалување од -63,1%, потоа следат Североисточниот регион од -32 689 жители, односно -44,2%, па Југозападниот, Вардарскиот, Југоисточниот и Источниот регион. Единствено позитивен миграционен тренд имаат ридско-планинските населби од Скопскиот, со зголемување од 4921 жители, т.е од 11,9% и

[3] Статистичките податоци во трудот се за 1961 и за 2002 г., бидејќи пописот од 2011 г. не се реализира.

индекс од 111,9 и Полошкиот, со апсолутен пораст од 7153 жители, односно 10,6% и индекс од 110,6.

Во истите табели, за бројот на населби и бројот на жители во ридско-планинските области се констатира дека бројот на жители во населбите од 1 до 100 жители се зголемил од 5924 на 17041 жители, што претставува разлика од 11 117 жители, или за 187,7%, т.е просечно, по населба, во 1961 година паѓало по 56,4 жители, а во 2002 година – по 32,9 жители, или намалување од 23,5 жители. Значително намалување од 50 до 60% се забележува кај населбите со број на жители од 101 до 300 (-36 124 жит., или -52,5%), од 301 до 500 жит. (-62 369 жит., или -67,9%), од 501 до 800 жит. (-81 820 жит., или -64,2%), од 801 до 1000 жит. (-35 933 жит., или 62,7%), а помало кај населбите од 1 001 до 2000 жит. (-25 598 жит. или -28,0%). Значително зголемување на населението имаат населбите од 2 001 до 3000 жители (11 774 жит. или за 79,2%), од 3001 до 5000 жит. (14 677 жит. или за 126,7%), од 5 001 до 10 000 жит. (29 481 жит. или за 466,2%) и населбите со над 10 001 жители (69 168 жит. или зголемување за 146,2%).

Ако се анализираат податоците за големината на населбите според бројот на жители по статистички региони, состојбите се загрижувачки во: Пелагонискиот, Источниот, Југозападниот и Североисточниот статистички регион. Имено, во Пелагонискот, бројот на населби со од 1 до 100 жители се зголемил од 13 на 97, а паралелно се зголемил и бројот на жители од 676 на 3349 жители, додека пак, просекот на жители по населба се намалил од 52 жители на 34,5 жители по населба. Слична е состојбата и со Источниот, Југозападниот и Североисточниот регион. Овие т.н. мали населби по број на жители се зафатени со интензивен процес на празнење т.е. изумирање.

Со овие бројки се потврдува претходно кажаното за емиграцијата, првенствено на руралните населби од ридско-планинските области, што доведе до значително зголемување на населбите од 1 до 100 жители, но и на дел од останатите. Додека пак, како спротивност, се имиграциските процеси што доведоа до зголемување на населението во поголемите населби од над 2001 жител, а особено во урбаните ридско-планински населби, како што се: Штип, Велес, Дебар, Крива Паланка, Кратово, Крушево, Пехчево и Берово.[4]

Во Табела 6, како последица на претходните процеси е регистрирано намалување и во густината на населеност. Така, во наведениот период (1961/2002), вкупната густина на населеност во ридско-планинс-

[4] Над десетина градски населби во РМ (Куманово, Битола, Прилеп, Охрид,Кичево, Тетово, Гостивар, Свети Николе, Скопје, Струмица, Валандово, Пробиштип, и други) иако дел од својата урабана зона има ридски карактер, поголемиот нивен дел припаѓа во рамнинската зона и тие се вбројуваат во рамнински или пак во рамнинско-ридски градови. Па оттука,овие градови не се предмет на наша анализа.

ките области се намалила од 31,3 ж/km$^2$ на 25,3 ж/km$^2$ или за 6 ж/km$^2$. Гледано по статистички региони, најголемо намалување на густината на населеност е регистрирана во Североисточниот статистички регион од 41,4 на 23,1 или за 18,3 ж/km$^2$, и во Пелагонискиот со намалување од 26,1 на 9,6 или за 16,5 ж/km$^2$, додека пак, кај останатите статистички региони, намалувањето на густината се движи, во Југоистиочниот од 5,8 ж/km$^2$, во Југозападниот од 5 ж/km$^2$, Вардарскиот од 4,5 ж/km$^2$ и во Источниот статистички регион од само 0,2 ж/km$^2$. Зголемување во густината на населеност во ридско-планинските области е регистрирано во Скопскиот – од 36,6 на 40,9 или за 4,4 ж/km$^2$ и во Полошкиот статистички регион – од 35,0 на 38,7 или за 3,7 ж/km$^2$. Се разбира, сите наведени процеси се резултат на негативни демографски процеси, т.е на емиграциските текови, ниските стапки на наталитет и на природен прираст.

Во табелите 7 и 8 се сумирани сите показатели, гледано во поголеми макрорегиони во Македонија, односно, во: Повардарието, Источниот и Западниот дел од РМ. Наведените табели го потврдуваат намалувањето на популацијата, густината на населеност и другите негативни демографски трендови.

Во табелите 9 и 10 се изнесени податоци за ридско-планинските урбани и рурални населби, нивната површина и население, гледано по статистички региони и по макрорегиони во Република Македонија. Резимирано, од вкупниот број ридско-планински населби, само 8 се урбани, од кои 5 се ридски (Штип, Велес, Дебар, Крива Палнака и Кратово), а 3 се планински (Крушево, Пехчево и Берово). Во ридско-планинскиот простор, урбаните населби зафаќаат површина од само 353,4 km$^2$ или 2,1% наспроти руралните со 16 480,4 km$^2$ со учество од 97,9%.Додека пак, во вкупното население од ридско-планинските населби, урбаните учествуваат со 138 980 жители или со 32,0%, а руралните ридско-планински населби со 295 284жители или 68,0%.

## ЗАКЛУЧОК

Генерално земено, со исклучок на Скопскиот и на Полошкиот регион, поради континуираниот механички прилив и позитивниот природен прираст, кои бележат демографски пораст, во останатите статистички региони, веќе половина век, со поголем или со помал интензитет, се одвиваат демографски процеси на намалување на бројот на население, бројот на раселени населби, неповолна демографска структура и слично.[5]

---

[5] Авторот, останатите демогеографски показатели за ридско-планинските области во Република Македонија (национална структура, економски белези и сл.) планира да ги објави во наредниот број на Географски разгледи.

Проблемите во ридско-планинските области во Република Македонија, не се само популациски, туку и инфраструктурни, економски, социјални и други. Сепак, доколку за подолг временски период се имплементираат разни стратегии за популациска политика, инвестирање во развој на руралниот простор, модернизирање на: земјоделието, шумарството, селското стопанство, руралниот туризам, производство на еколошка храна, изградба и осовременување на: сообраќајната, водоводната, кумуналната, електричната и друга инфраструктура, подобрување во социјално-културната сфера, тогаш, иднината за трансформација и економски развој, не само на ридско-планинските простори, туку, во целина на Република Македонија, е обезбедена.

## ЛИТЕРАТУРА

Стојмилов А. (2003): Физичка географија на Република Македонија, Скопје.

Маркоски Б. (1998): Хипсометрија на просторот и населеноста во Република Македонија, картографски метод, Скопје.

Панов М. (1998): Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје.

Стојмилов А. (2005): Социоекономска географија на Република Македонија, Скопје.

Поповски В., Селмани А., Панов Н. (2006): Општините во Република Македонија, ИДБЦ, Скопје.

РГЗ (1982): СР Македонија низ катастарска евиденција, Скопје.

ДЗС (2008): Номенклатура на територијалните единици за статистика на Република Македонија – НТЕЦ (1.8.8.01 Класификација, методологија, номенклатури и стандарди), Скопје.

ДЗС (2004): Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, Дефинитивни податоци по населени места – Книга X, Скопје.

ЗСНРМ (1962): Население и домаќинства во НР Македонија по населби (Според пописите од 1948, 1953, 1961 година), Скопје.

## POPULATION-SPATIAL CHARACTERISTICS OF THE SETTLEMENTS IN THE HILLY-MOUNTAINOUS AREAS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Nikola V. DIMITROV

## SUMMARY

Hilly-mountainous areas in the country, for half a century, faced with negative population, infrastructure, economic, social and other problems. If the field implement strategies for population policy, development of rural areas, modernization of agriculture, forestry, rural economy, rural tourism, ecological food producation, construction and modernization of transport, water, utility, electicity and other infrastructure improvements in social-cultural sphere, then the future for transformation and economic development not only hilly-mountainous areas, but the whole of Macedonia in provided.

# ПРИЛОЗИ

Табела 1. Број на општини, населби и вкупна површина според орографски услови, гледано по статистички плански региони и вкупно во Република Македонија.

| **Статистички плански регион** | **Вк. опш. со рид.-план. релј.** | **Вк. нас. во ридс-пл. општ.** | **Од тоа – рид.-план. насел. (%)** | **Вкуп. површина на општините %** | **Според орографски услови** | | | **Ридско-пл. простор, повр. во км$^2$ и учество во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Рамн.** | **Ридски** | **План.** | |
| **Скопски** | 10 | 127 | 72 (56,7) | 1594 (100) | 464,9 | 677,4 | 451,7 | 1129,1 (70,8) |
| **Полошки** | 9 | 184 | 122 (66,3) | 2416,2 (100) | 494,7 | 460,9 | 1460,6 | 1921,5 (79,5) |
| **Југозападен** | 13 | 286 | 196 (68,5) | 3290,5 (100) | 733,9 | 1057,7 | 1498,9 | 2556,6 (77,7) |
| **Пелагониски** | 9 | 342 | 173 (50,6) | 4686,9 (100) | 1784,1 | 1915,5 | 987,3 | 2902,8 (61,9) |
| **Вардарски** | 9 | 216 | 119 (55,1) | 3914,8 (100) | 1474,3 | 1877,7 | 562,8 | 2440,5 (62,3) |
| **Североисточен** | 6 | 192 | 146 (76,0) | 2335,6 (100) | 552 | 1022,6 | 761 | 1783,6 (76,3) |
| **Источен** | 11 | 218 | 136 (62,4) | 3512,5 (100) | 876,8 | 1885,9 | 749,8 | 2635,7 (75,0) |
| **Југоисточен** | 9 | 185 | 91 (49,2) | 2643,1 (100) | 1179,1 | 992,1 | 471,9 | 1464 (55,4) |
| **ВКУПНО** | **76 (90,5%)** | **1750 (98,7%) (100%)** | **1055 (59,5%) (60,3%)** | **24393,6* (94,8%) (100%)** | **7559,8 29,4% 31,0%** | **9889,8 38,4% 40,5%** | **6944 27,0% 28,5%** | **16833,8 69,0%** |

* Без водени површини и општини без ридско-планински населби; Извор: ДЗС; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 2. Број на ридско-планински населби, број на жители и површина на атар, по статистички плански-региони во Р Македонија, според пописот од 1961 година.

| **Статист. плански регион** | **Вкупно број на ридско-планински населби со вкупна површина** | | **Број на ридско-планински населби по големина, број на жители и површина на атарот** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **раселени** | **Од 1 до 100 ж.** | **101 – 300 ж.** | **301 – 500 ж.** | **501 – 800ж.** | **801 – 1000 ж.** | **1001 – 2000 ж.** | **2001 – 3000 ж.** | **3001 – 5000 ж.** | **5001 – 10000 ж.** | **над 10 001 ж.** |
| Скопски | Број | 72 | 0 | 3 | 14 | 18 | 21 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Скопски | Површ. | 1129,1 | 0 | 18,8 | 168,2 | 239,1 | 352,0 | 137,3 | 213,2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Полошки | Број | 122 | 5 | 9 | 36 | 12 | 32 | 15 | 11 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Полошки | Површ. | 1921,5 | 32,7 | 98,2 | 530,1 | 139,4 | 552,9 | 319,9 | 210,8 | 10,3 | 27,2 | 0 | 0 |
| Југозападен | Број | 196 | 5 | 17 | 71 | 44 | 34 | 10 | 11 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| Југозападен | Површ. | 2556,6 | 0 | 82,4 | 652,0 | 689,2 | 601,4 | 198,5 | 234,3 | 86,4 | 0 | 12,4 | 0 |
| Пелагони. | Број | 173 | 4 | 13 | 62 | 48 | 26 | 9 | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Пелагони. | Површ. | 2902,8 | 49,2 | 150,3 | 666,8 | 825,6 | 579,4 | 246,0 | 334,7 | 27,8 | 23,0 | 0 | 0 |
| Вардарски | Број | 119 | 5 | 16 | 39 | 34 | 19 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вардарски | Површ. | 2440,5 | 92,4 | 184,6 | 618,3 | 888,8 | 482,0 | 31,4 | 81,5 | 0 | 0 | 0 | 61,5 |
| Североист. | Број | 146 | 1 | 5 | 42 | 65 | 32 | 9 | 10 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Североист. | Површ. | 1783,6 | 5,2 | 16,7 | 374,8 | 481,0 | 485,8 | 151,7 | 249,6 | 18,7 | 0 | 0 | 0 |
| Источен | Број | 136 | 6 | 16 | 43 | 26 | 21 | 9 | 12 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Источен | Површ. | 2635,7 | 26,0 | 119,7 | 431,4 | 364,0 | 437,0 | 304,9 | 664,5 | 133,3 | 120,0 | 0 | 34,9 |
| Југоист. | Број | 91 | 6 | 25 | 23 | 18 | 16 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Југоист. | Површ. | 1464,0 | 27,6 | 331,5 | 245,5 | 417,4 | 323,2 | 70,3 | 48,5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **Број** | **1055** | **32** | **104** | **330** | **245** | **199** | **65** | **66** | **8** | **3** | **1** | **2** |
| **ВКУПНО** | **Површ.** | **16833,8** | **233,1** | **1002,2** | **3687,2** | **4045** | **3813,7** | **1460** | **2037,1** | **276,5** | **170,2** | **12,4** | **96,4** |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 3. Број на ридско-планински населби, број на жители и површина на атар, по статистички плански региони во Р Македонија, според пописот од 2002 година.

| **Статист. плански регион** | **Вкупно ридско-планин. насел.** | | **Број на населби според големина - број на жители и површина на атарот на населите** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **раселени** | **Од 1 до 100 ж.** | **101 – 300 ж.** | **301 – 500 ж.** | **501 – 800 ж.** | **801 – 1000 ж.** | **1001 – 2000 ж.** | **2001 – 3000 ж.** | **3001 – 5000 ж.** | **5001 – 10000 ж.** | **над 10001 ж.** |
| Скопски | Број | 72 | 3 | 20 | 11 | 7 | 11 | 5 | 10 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| Скопски | Пов | 1129,1 | 25,6 | 372,3 | 121,4 | 97,5 | 245,4 | 66,3 | 103,7 | 47,6 | 39,4 | 9,9 | 0 |
| Полошки | Број | 122 | 13 | 37 | 12 | 9 | 17 | 8 | 19 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| Полошки | Пов | 1921,5 | 129,6 | 716,8 | 117,8 | 97,3 | 268,7 | 134,0 | 361,3 | 52,8 | 16,0 | 27,2 | 0 |
| Југозапад. | Број | 196 | 11 | 109 | 34 | 9 | 14 | 3 | 8 | 5 | 2 | 1 | 1 |
| Југозапад. | Пов | 2556,6 | 51,8 | 1440,9 | 442,8 | 103,0 | 219,6 | 25,8 | 100,3 | 94,8 | 45,2 | 20,0 | 12,4 |
| Пелагон. | Број | 173 | 17 | 97 | 44 | 9 | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Пелагон. | Пов | 2902,8 | 203,3 | 1693,1 | 776,9 | 108,7 | 27,8 | 0 | 24,4 | 27,8 | 17,8 | 23,0 | 0 |
| Вардарски | Број | 119 | 23 | 75 | 9 | 4 | 4 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вардарски | Пов | 2440,5 | 448,7 | 1457,7 | 237,2 | 68,1 | 90,9 | 30,5 | 45,9 | 0 | 0 | 0 | 61,5 |
| Североі. | Број | 146 | 2 | 84 | 43 | 9 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Североі. | Пов | 1783,6 | 18,2 | 813,5 | 656,7 | 145,1 | 89,3 | 0 | 42,1 | 0 | 0 | 13,9 | 4,8 |
| Источен | Број | 136 | 8 | 66 | 25 | 16 | 8 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Источен | Пов | 2635,7 | 46,2 | 700,4 | 466,3 | 333,4 | 272,0 | 263,7 | 154,2 | 161,7 | 82,9 | 120,0 | 34,9 |
| Југоист. | Број | 91 | 24 | 29 | 9 | 14 | 11 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Југоист. | Пов | 1464,0 | 295,2 | 518,0 | 153,0 | 222,3 | 164,7 | 62,3 | 48,5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУП.** | **Бр** | **1055** | **100** | **517** | **187** | **77** | **71** | **24** | **47** | **15** | **7** | **6** | **4** |
| **ВКУП.** | **Пов.** | **16833,8** | **1218,6** | **7712,7** | **2972,1** | **1175,4** | **1378,4** | **582,6** | **880,4** | **384,7** | **201,3** | **214** | **113,6** |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 4. Број на ридско-планински населби и број на жители по статистички плански региони во Р Македонија, според пописот од 1961 година.

| **Статист. плански регион** | **Вкупно ридско-планински населби** | | **Број на населби според големина - број на жители и вкупно население во населбите** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **раселени** | **Од 1 до 100 ж.** | **101 – 300 ж.** | **301 – 500 ж.** | **501 - 800** | **801 – 1000 ж.** | **1001 – 2000** | **2001 – 3000** | **3001 – 5000 ж.** | **5001 – 10000 ж.** | **над 10001 ж.** |
| Скопски | Број | 72 | 0 | 3 | 14 | 18 | 22 | 7 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Скопски | Нас | 41282 | 0 | 201 | 3048 | 7238 | 13623 | 6273 | 10899 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Полошки | Број | 122 | 5 | 9 | 36 | 12 | 32 | 15 | 11 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Полошки | Нас | 67198 | 0 | 542 | 7484 | 4461 | 20725 | 13103 | 15445 | 2242 | 3196 | 0 | 0 |
| Југозападен | Број | 173 | 5 | 18 | 74 | 40 | 33 | 10 | 12 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| Југозападен | Нас | 90376 | 0 | 1140 | 14716 | 14772 | 20300 | 8986 | 16361 | 7778 | 0 | 6323 | 0 |
| Пелагониски | Број | 173 | 4 | 13 | 62 | 48 | 26 | 9 | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Пелагониски | Нас | 75828 | 0 | 676 | 13195 | 18155 | 17384 | 7859 | 12066 | 2394 | 4099 | 0 | 0 |
| Вардарски | Број | 113 | 5 | 16 | 39 | 34 | 19 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вардарски | Нас | 66472 | 0 | 822 | 8064 | 12768 | 12256 | 1751 | 3761 | 0 | 0 | 0 | 27050 |
| Североисточ | Број | 146 | 1 | 5 | 43 | 44 | 32 | 9 | 10 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Североисточ | Нас | 73886 | 0 | 392 | 8801 | 16725 | 21098 | 8249 | 13366 | 5255 | 0 | 0 | 0 |
| Источен | Број | 136 | 6 | 17 | 42 | 26 | 21 | 9 | 12 | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Источен | Нас | 84996 | 0 | 973 | 8631 | 10352 | 13627 | 8219 | 16394 | 2242 | 4289 | 0 | 20269 |
| Југоисточен | Број | 87 | 6 | 24 | 20 | 18 | 14 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Југоисточен | Нас | 27845 | 0 | 1178 | 4850 | 7334 | 8419 | 2858 | 3206 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **Бр** | **1055** | **32** | **105** | **330** | **570** | **199** | **64** | **67** | **8** | **3** | **1** | **2** |
| **ВКУПНО** | **Нас.** | **527883** | **0** | **5924** | **68789** | **91805** | **127432** | **57298** | **91498** | **19911** | **11584** | **6323** | **47319** |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Пресметано од авторот.

Табела 5. Број на ридско-планински населби и број на жители по статистички плански региони во Р Македонија, според пописот од 2002 година.

| Стат. пла рег | Вкупно ридско-планински населби | | Број на населби според големина - број на жители и вкупно население во населбите | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | раселени | Од 1 до 100 ж. | 101 – 300 ж. | 301 – 500 ж. | 501 – 800 | 801 – 1000 ж. | 1001 – 2000 | 2001 – 3000 | 3001 – 5000 ж. | 5001 – 10000 ж. | над 10001 ж. |
| Скопски | Број | 72 | 3 | 20 | 11 | 7 | 11 | 5 | 10 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| Скопски | Нас | 46203 | 0 | 717 | 2432 | 2585 | 6927 | 4505 | 13647 | 6898 | 3167 | 5325 | 0 |
| Полош | Број | 122 | 13 | 37 | 12 | 9 | 17 | 8 | 19 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| Полош | Нас | 74351 | 0 | 859 | 2234 | 3271 | 10983 | 7339 | 26096 | 9750 | 8532 | 5287 | 0 |
| Југозап | Број | 196 | 10 | 109 | 34 | 9 | 14 | 3 | 8 | 5 | 2 | 1 | 1 |
| Југозап | Нас | 77410 | 0 | 3669 | 5831 | 3888 | 8748 | 2511 | 12138 | 12297 | 7831 | 5936 | 14561 |
| Пелагон | Број | 173 | 17 | 97 | 44 | 9 | 2 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Пелагон | Нас | 27959 | 0 | 3349 | 7710 | 3416 | 1210 | 0 | 1026 | 2424 | 3494 | 5330 | 0 |
| Вардар | Број | 119 | 23 | 75 | 9 | 4 | 4 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вардар | Нас | 55494 | 0 | 1888 | 1506 | 1652 | 2678 | 857 | 3197 | 0 | 0 | 0 | 43716 |
| Северо | Број | 146 | 2 | 84 | 43 | 9 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Северо | Нас | 41197 | 0 | 3889 | 7107 | 3040 | 2533 | 0 | 3146 | 0 | 0 | 6924 | 14558 |
| Источ | Број | 136 | 8 | 66 | 25 | 16 | 8 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Источ | Нас | 84386 | 0 | 2003 | 4408 | 6132 | 5386 | 4363 | 3887 | 4316 | 3237 | 7002 | 43652 |
| Југоист | Број | 91 | 24 | 29 | 9 | 14 | 11 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Југоист | Нас | 19256 | 0 | 667 | 1437 | 5452 | 7147 | 1790 | 2763 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУП.** | **Број** | **1055** | **100** | **517** | **187** | **77** | **71** | **24** | **47** | **15** | **7** | **6** | **4** |
| **ВКУП.** | **Нас** | **426256** | **0** | **17041** | **32665** | **29436** | **45612** | **21365** | **65900** | **35685** | **26261** | **35804** | **116487** |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Пресметано од авторот.

Табела 6. Број на населби, вкупна површина, вкупно население, индекс и процент, гледано по статистички плански региони и вкупно во Македонија.

| **Статистичк и плански регион** | **Вкуп. нас. со р-п релј.** | **Број на рид. план. насел.** | **Од тоа:** | | **Вкуп. површ.** | **Број на жители и густина на населеност:** | | | | Инд. 2002 / 1961 | Проц. % (-/+) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Рид. | План. | | Поп. 1961 | Густ. км$^2$ | Поп. 2002 | Густ. км$^2$ | | |
| **Скопски** | 127 | 72 | 53 | 19 | 1129,1 | 41282 | 36,6 | 46203 | 40,9 | 111,9 | 11,9 |
| **Полошки** | 184 | 122 | 44 | 78 | 1921,5 | 67198 | 35,0 | 74351 | 38,7 | 110,6 | 10,6 |
| **Југозападен** | 286 | 196 | 97 | 99 | 2556,6 | 90376 | 35,3 | 77410 | 30,3 | 85,7 | -14,3 |
| **Пелагониски** | 342 | 173 | 120 | 53 | 2902,8 | 75828 | 26,1 | 27959 | 9,6 | 36,9 | -63,1 |
| **Вардарски** | 216 | 119 | 96 | 23 | 2440,5 | 66472 | 27,2 | 55494 | 22,7 | 83,5 | -16,5 |
| **Североисточ** | 192 | 146 | 87 | 59 | 1783,6 | 73886 | 41,4 | 41197 | 23,1 | 55,8 | -44,2 |
| **Источен** | 218 | 136 | 93 | 43 | 2635,7 | 84996 | 32,2 | 84386 | 32,0 | 99,3 | -0,7 |
| **Југоисточен** | 185 | 91 | 69 | 22 | 1464 | 27845 | 19,0 | 19256 | 13,1 | 69,2 | -30,8 |
| **ВКУПНО** | **1750** | 1055 | 659 | 396 | 16833,8 | 527883 | 31,3 | 426256 | 25,3 | 80,7 | -19,3 |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 7. Број на општини, ридско-планински населби и површина според орографски услови гледано по макро региони во Македонија.

| **Поголем дел од Република Македонија** | **Вкуп општ ридско план. релјеф** | **Вкупно населби** | **Од тоа ридско-план.** | **Вкупна површина на опш. со р-п релјеф** | **Орографски услови** | | | **Ридско-планински простор површина во км$^2$** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Рамни.** | **Ридски** | **План.** | |
| **Повардарие** | 19 | 343 | 191 | 5508,8 | 1939,2 | 2555,1 | 1014,5 | 3569,6 |
| **Западен дел** | 31 | 812 | 491 | 10393,6 | 3012,7 | 3434,1 | 3946,8 | 7380,9 |
| **Источен дел** | 26 | 595 | 373 | 8491,2 | 2607,9 | 3900,6 | 1982,7 | 5883,3 |
| **ВКУПНО** | **76** | **1750** | **1055** | **24393,6** | **7559,8** | **9889,8** | **6944** | **16833,8** |

Извор на податоци; Државен завод за статистика; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 8. Број на општини, населби, вкупна површина, вкупно население и густина на населеност гледано по макро региони во Македонија.

| **Поголем дел од Република Македонија** | **Бр. на рид.-план. нас.** | **Од тоа:** | | **Вкуп. Површ.** | **Број на жители и густина на населеност:** | | | | Инд. 2002/ 1961 | Проц. % (-/+) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ридс. | План. | | Попис 1961 | Густ. км$^2$ | Попис 2002 | Густ. км$^2$ | | |
| **ПОВАРДАРИЕ** | 191 | 149 | 42 | 3569,6 | 107754 | 30,2 | 101697 | 28,5 | 94,4 | -5,6 |
| **ИСТОЧЕН ДЕЛ** | 373 | 249 | 124 | 5883,3 | 186727 | 31,7 | 144839 | 24,6 | 77,6 | -22,4 |
| **ЗАПАДЕН ДЕЛ** | 491 | 261 | 230 | 7380,9 | 233402 | 31,6 | 179720 | 24,3 | 77,0 | -23,0 |
| **Вкупно РМ** | **1055** | **659** | **396** | **16833,8** | **527883** | **31,3** | **426256** | **25,3** | **80,7** | **-19,3** |

Извор на податоци: Државен завод за статистика; Државен катастар. Пресметано од авторот.

Табела 9. Број на ридско-планински урбани и рурални населби, нивна површина и население, гледано по региони во Република Македонија.

| Статист плански регион | Вк. повр. БРР* | Вк. насел. 2002** | Вкупно ридско – планински населби | | | Од тоа: ридско – планински урбани населби | | | Од тоа: ридско – планински рурални населби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** |
| Скопски | 1812 | 578144 | 72 | 1129,1 | 46203 | 0 | 0 | 0 | 72 | 1129,1 | 46203 |
| Источен | 2416 | 305930 | 136 | 2635,7 | 84386 | 3 | 237,8 | 53891 | 133 | 2397,9 | 30495 |
| Пелагон | 3340 | 219741 | 173 | 2902,8 | 27959 | 1 | 23,0 | 5330 | 172 | 2879,8 | 22629 |
| Полош | 4717 | 238136 | 122 | 1921,5 | 74351 | 0 | 0 | 0 | 122 | 1921,5 | 74351 |
| Југоист | 4042 | 133180 | 91 | 1464 | 19256 | 0 | 0 | 0 | 91 | 1464 | 19256 |
| Југозап | 2310 | 172787 | 196 | 2556,6 | 77410 | 1 | 12,4 | 14561 | 195 | 2544,2 | 62849 |
| Вардар | 3537 | 203213 | 119 | 2440,5 | 55494 | 1 | 61,5 | 43716 | 118 | 2379,0 | 11778 |
| Северо. | 2739 | 171416 | 146 | 1783,6 | 41197 | 2 | 18,7 | 21482 | 144 | 1764,9 | 19715 |
| **ВКУП.** | **24913** | **2022547** | **1055<br>100%** | **16833,8<br>100%** | **426256<br>100%** | **8<br>0,76** | **353,4<br>2,1%** | **138980<br>32,6%** | **1047<br>99,24** | **16480,4<br>97,9%** | **287276<br>67,4%** |

* Извор: БРР-Биро за регионален развој,Скопје, http://www.brr.gov.mk/brr.gov.mk/;
**ДЗС-Државен завод за статитистика, попис 2002 г.; Пресметано од авторот.

Табела 10. Број на ридско-планински урбани и рурални населби, нивна површина и население, гледано по макро региони во РМакедонија

| Поголем дел од РМ | Вк. пов. БРР | Вк. нас. 2002 | Вкупно ридско-планински населби | | | Од тоа: ридско-планински урбани населби | | | Од тоа: ридско-планински рурални населби | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** | **Бр.** | **Повр.** | **Нас.** |
| **ПОВАРД.** | 5349 | 781357 | 191 | 3569,6 | 101697 | 1 | 61,5 | 43716 | 190 | 3508,1 | 57981 |
| **ЗАПАДЕ.** | 10367 | 630664 | 491 | 5883,3 | 179720 | 2 | 35,4 | 19891 | 489 | 5847,9 | 159829 |
| **ИСТОЧЕ.** | 9197 | 610526 | 373 | 7380,9 | 144839 | 5 | 256,5 | 75373 | 368 | 7124,4 | 69466 |
| **ВКУПНО** | **24913** | **2022547** | **1055** | **16833,8** | **426256** | **8** | **353,4** | **138980** | **1047** | **16480,4** | **287276** |

Пресметано од авторот.